# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ МОНИТОР НА МАКЕДОНИЈА2025

## Проекции КВ.1 2024

**Македонија 2025 прогнозира: Растот на БДП во КВ.1 2024 ќе биде помеѓу 0.5% и 2.5%**

Според последните високо-фреквентни индикатори и досега расположливите податоци, предвидуваме низок раст на Бруто домашниот производ помеѓу 0.5% и 2.5%, што претставува слична динамика како претходниот квартал. Ваквите проекции се должат пред се на ниският раст на индустриското производство, намалениот позитивен придонес на трговијата како и на намалената меѓународна побарувачка за производите на македонската автомобилска индустрија. Борбата со инфлацијата во Македонија сеуште не е добиена.

Проекцијата се должи на следните економски движења во првиот квартал од 2024:

## Производна страна:

### Индустриско производство

Според последните високо-фреквентни индикатори и досега расположливите податоци, предвидуваме низок раст на Бруто домашниот производ помеѓу 0.5% и 2.5%, што претставува слична динамика како претходниот квартал. Ваквите проекции се должат пред се на нискиот раст на индустриското производство, намалениот позитивен придонес на трговијата како и на намалената меѓународна побарувачка за производите на македонската автомобилска индустрија. Борбата со инфлацијата во Македонија сеуште не е добиена.

01



Графикон број 1: Индустриско производство




Извор: Државен завод за статистика

Графикон број 2: Трговија, годишни стапки на промена




Извор: Државен завод за статистика

### Трговија

Како што може да се види од графиконот со број 2, во периодот јануари-февруари 2024 година, трговијата продолжи да забележува ниски стапки на раст во согласност со намалувањето на инфлацијата. Притоа, позитивна стапка на раст забележа само трговијата на мало додека останатите категории (трговија на големо и трговија со моторни возила) забележаа негативни стапки.
Ваквите податоци од трговијата упатуваат дека овој сектор ќе има неутрален придонес во растот на БДП, понизок од претходниот квартал.

02



## Туризам

## 03

Туризмот забележува солидни стапки на раст, но со надолен тренд. Како што може да се забележи од графиконот број 3, растот кај туризмот во периодот јануари-февруари 2024 година продолжи да забавува. Така бројот на туристи забележа раст од 11%, додека понизок е растот кај бројот на ноќевања (9,1%).

Имајќи ги предвид сите овие податоци, се очекува овој сектор да има мал позитивен придонес во растот на БДП за кв.1 2024 година.

Графикон број 3: Основни податоци за туризам, годишни стапки на промена




Извор: Државен завод за статистика

Графикон број 4: Надворешно-трговска размена, годишни стапки на промена




Извор: Државен завод за статистика

## Расходна страна:

## Извоз

## 04

Извозот на стоки во периодот јануари-февруари 2024 забележа номинален пад од 9,9% во споредба со истиот период од минатата година, додека увозот на стоки забележа пад од -1,1%. што доведе до умерено проширување на трговскиот дефицит. Од друга страна, количинскиот пад на извозот изнесува 0,5% додека количинскиот пад на увозот изнесува 8,6%.
Имајќи го предвид поголемиот пад на увозот од падот на извозот (како и поголемиот количински пад на увозот), очекуваме придонесот на нето-извозот да биде позитивен за Кв.1 од 2024 година.

## Лична потрошувачка

## 05

Графикон број 5 ги прикажува промените заклучно со првиот квартал од 2024 година кај кредитната активност на банкарскиот сектор во Република Македонија. Трендот на намалување на номиналниот раст на кредитирање на приватниот сектор прекина во првиот квартал од 2024 година. Согласно со податоците на Народната банка, кредитирањето на приватниот сектор во анализираниот период продолжи да расте но со повисока стапка од 6,1% на годишна основа, што претставува највисок раст во последните 4 квартали. Мерките на НБРМ за забавување на кредитниот раст преку пораст на основната каматна стапка продолжува умерено да влијае врз кредитирањето на приватниот сектор, но со поумерен интензитет.
Истовремено, солиден раст забележаа и депозитите на граѓаните.

Буџетските приходи во Кв.1 2024 порасная за 12%, со значително зголемување на данокот на личен доход, увозните давачки и социјалните придонеси, во услови на умерен раст на приходите од ДДВ. Инфлацијата од 3,4% во Кв.1 2023 сугерира раст на личната потрошувачка, што позитивно влијае на БДП за првиот квартал од 2024.

Графикон број 5: Кредитирање на приватен сектор




Извор: Народна Банка на Република Северна Македонија

## Бруто инвестиции

## 06

Високо-фреквентните податоци за Бруто-инвестициите во првиот квартал од 2024 година упатуваат на позитивни движења. Имено, долгорочните кредити на претпријатија забележаа раст од 6%, како и капиталните инвестиции во државниот буџет забележуваат раст од 30%. Сеуште нема објавени податоци од државниот завод за статистика за да се утврди дали овие капитални инвестиции се само трансфери кон Бектел и Енка или реални извршени градежни работи.

**Стапката на инфлација од 4% во март 2024 година, упатува дека борбата со инфлацијата сеуште не е добиена.**

## Инфлација

## 07

Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, стапката на инфлација во март 2024 година изнесува 4%, што претставува пораст во однос на февруари 2024 од 1 процентен поен.
Ваквите движења кај инфлацијата не беа согласно очекувањата, а следствено, Народната банка не ја промени поставеноста на монетарната политика односно не ги промени инструментите кои се на располагање.
Инфлацијата во март 2024 година, како и геополитичките тензии во блискиот исток упатуваат дека борбата со инфлацијата не е добиена и дека ќе мора да претстои период на дополнителни прилагодувања не само кај монетарната политика туку и кај фискалната политика.

Графикон број 6: Трошоци за живот




Извор: Државен завод за статистика